Радко НАЧЕВСКИ

# РЕГАНОВАТА СТРАТЕГИЈА - КЛУЧЕН ФАКТОР НА ПОБЕДАТА ВО МЕЃУСТРАТЕГИСКАТА БОРБА ЗАПАД-ИСТОК И ФРАГМЕНТАЦИЈАТА НА РЕАЛ-СОЦИЈАЛИЗМОТ КАКО СИСТЕМ

## ВОВЕД

Филозофско-политичките и социо-економските анализи потврдуваат дека распадот на реал-социјализмот настанал како последица на една очекувана неминовност која се наметнала сама по себе поради манифестираната неплодотворност на идеологизираните системски фундаменти на развојот, кои во објективната стварност се потврдуваа како нереални и цивилизациски дисфункционални. Меѓутоа, од аспектот на стратегиските анализи (политички, економски и воени), неговата целосна декаденција се случи по сломот на стратегиските сили и средства во сите сегменти на меѓусебната стратегиска борба интензивирана од страна на статегиската мисла и практика на Западниот сојуз, на капитал-системот, со цел за конечна пресметка со главниот противник за водство на системот на планетарните простори.

Клучната улога во меѓустратегиската борба на системите ја одиграла проминентната американска стратегија, која во западната воена Алијанса имала улога на наднационална стратегија, а во политичкиот и економскиот сегмент, покрај високата конзистентност на тој план со водечките земји на капитал-системот, американските стратези ја имале водечката улога во проектирањето и ефектуирањето на соодветните сили и средства од стратегиско значење.

Почетокот на меѓустратегиската борба, според повеќето западни стратези, се врзува со написот „Извори за советското однесување“ од Mr-X, објавен во „Foreign Affairs“ во јуни 1947. Имено, во написот, кој всушност бил дипломатска телеграма на Кенан Џорџ, биле фундирани новите глобални стратегиски претпоставки на поствоената американска политика спрема Советскиот Сојуз и комунизмот како систем. Суштината на новиот офанзивен американски политички воено-стратегиски контекст произлегува од следните констатации и заложби на Кенан Џорџ: „Советското раководство е подготвено да ги преземе сите расположливи сили и средства за да ги уништи основните придобивки на институциите на американското општество“, и во тој контекст побарал решителен „containment“, односно *задржување* на комунизмот во постојните грани-

ци и оневозможување на неговото натамошно инфилтрирање.

Како средства за спротиставување ги навел „*сите расположливи* политички, економски и општествени средства“.[1]

Од тој момент, па сè до 1990 година, како година со која се означува почетокот на крајот на студената војна, односно на реал-социјализмот, во целиот тој период на меѓустратегиска борба, во советскиот и американскиот глобален стратегиски контекст „продефилирале“, со помал или поголем успех, повеќе целосно оформени стратегии. Во САД, според времето на појавувањето и значењето, тоа се: „Стратегијата на масовна нуклеарна одмазда“, „Стратегијата на локални и ограничени војни“, „Никсоновата доктрина“, „Картеровата ПД-59“ и „Регановата стратегија“, а во Советскиот Сојуз: „Сталиновата стратегија“, „Воената доктрина на Хрушчов“, „Програмата на мирот“ и стратегијата на „Разумна доволност“.

За конечниот слом на советскиот, а со тоа и на реал-социјалистичкиот стратегиски контекст, најголема заслуга има „Регановата стратегија“, бидејќи во паралелното стратегиско појавување, развој и меѓустратегиска борба, стратегијата на Горбачов М., т.н. „Разумна доволност“, за прв пат во меѓустратегиската борба претставувала избор на потполна дефанзива, односно неприфаќање на стратегискиот предизвик иницииран од Регановата администрација.

Поаѓајќи од значајноста на продобивките од извојуваната победа во меѓустратегиската борба, од аспект на актуелниот цивилизациски развој во чие средиште се глобалните интегративни процеси, како и фактот дека основните поставки на актуелниот американски проминентен надворешно-политички, економски и воено-стратегиски концепт се само надградба на фундаментите на Регановата стратегија, на кои во новото време им е дадена глобална планетарна димензија, основните поставки на победничката стратегија се презентирани во нивното глобално суштинско значење.

## 1. ИСТОРИСКИТЕ ДИМЕНЗИИ НА „РЕГАНОВАТА СТРАТЕГИЈА“

Веднаш по доаѓањето на власт, Регановата администрација сите расположливи политички, економски и воени сили и средства ги насочи кон реализирање на историските димензии на „Американската стратегија за национална безбедност“, кои претседателот Реган експлицитно ги детерминира во неговиот „Извештај за стратегијата на

1 M-r X, *The Sources of Soviet Conduct*, Foreign Affairs, July 1947.

националната безбедност"[2], поднесен пред Американскиот конгрес во јануари 1988 година.

*Историските димензии,* кои воедно се и појдовни основи на американската глобална стратегиска мисла и практика, претпоставуваа реализирање на следните цели:

*Прво:* одбрана на безбедноста и виталните интереси на САД.

Во контекстот на оваа историска димензија, Советскиот Сојуз се потенцира како главен противник. Од „1945 се обидуваме Советскиот Сојуз да го спречиме да не ја искористи својата геостратегиска предност да доминира со соседните земји во Западна Европа, Азија и на Блискиот Исток, а со тоа сутински да ја наруши глобалната рамнотежа на моќта на наша штета".[3]

Од тој аспект, основната цел на првата историска димензија требало да овозможи „запирање на советската експанзија и на комунистичката тајна инфилтрација", а „марксистичката визија на светот без господ мора да биде исфрлена ... новото морално мнозинство мора да ги исправи гревовите на децениите"[4]

*Второ:* обезбедување на САД на улогата на „светски раководител".

Улогата на „светски раководител", како што потенцирал Реган, САД ќе можат да ја реализираат само со поддршка на сојузниците.

„Америка како тврдина е застарена концепција. Таква политика би била опасно погрешна и на сопствена штета. Солидарноста на сојузниците ја зголемува силата на сите".[5]

*Трето:* создавање на големи стратегиски нуклеарни сили.

Нуклеарната воена моќ би ја зголемила истуреноата конвенционална воена моќ на одвраќање „а со тоа и нашата моќ на одвраќање од нуклеарни конвенционални напади врз нас и нашите сојузници".[6] Тоа подразбирало: а) САД да ја сочуваат способноста да ги обезбедуваат линиите за комуницирање ширум светот: б) да можат брзо да ги префрлаат воените сили; в) да ги одржуваат силите на големи далечини за долг временски период и г) да претставуваат уверлива сила на одвраќање за сите оние кои би можеле да извршат агресија врз нивните сојузници и пријатели.

*Четврто:* глобализација на светското стопанство во кое „претприемништвото и слободното движење на стоката, луѓето и идеите се клуч на просперитетот".

2 USIS, 20 January 1988, Washington.

3 Ibidem, I.

4 Vilić, D., Opšta obeležja specijalnog rata osamdesetih godina, Beograd, 1983, str. 37-38.

5 USIS, 2.

6 Ibidem.

Во тој контекст Реган ќе потенцира дека „глобалното стопанство денес е многу повеќе меѓузависно отколку порано... а нашата потреба за пристап кон пазарите и суровините е зголемена“.[7]

Глобализацијата на светското стопанство, фундирано на пазарни економски односи, како историска димензија на стратегиската цел, требало да значи целосно дисфункционирање на планираната економија и нејзино ставање на маргините на светските економски односи.

За реализирање на експлиците детерминираните историски димензии, Регановите стратези ќе се определат за политичките, економските и воените сили и средства. Во конечната реализација на стратегиската цел потенцирано е нивното заемо дејствување, бидејќи „политичката моќ не би била ефикасна ако зад неа не стојат економската и воената, или за која и да било друга комбинација да станува збор.

## 2. СИЛИ И СРЕДСТВА НА АМЕРИКАНСКАТА МОЌ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ГЛОБАЛНАТА СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ - КОНЕЧНА ПРЕСМЕТКА СО СИЛИТЕ И СРЕДСТВАТА НА СОВЕТСКАТА СТРАТЕГИЈА И ФРАГМЕНТАЦИЈА НА РЕАЛ-СОЦИЈАЛИЗМОТ КАКО СИСТЕМ

### 2.1. *„Американската дипломатска политика“*

Во рамките на првиот сегмент на националната моќ на САД, како што Реган ја насловил „Американска дипломатска политика“ (надворешна политика, Р.Н.) биле детерминирани две политички глобални насоки кои биле во функција на реализирање на глобалната стратегиска цел против Советскиот Сојуз и реал-социјализмот како систем:

*Прво:* во „нуклеарната ера да се обезбеди мир и слобода“.

Во оваа насока експлиците било зацртано дека „најголема закана за националните интереси на САД и понатаму претставува СССР. И покрај определеното подобрување на односите помеѓу САД и СССР што дојде во минатата година (1987, по потпишувањето на Договорот за отстранување и уништување на нуклеарните ракети од среден дострел во Европа со базирање на копно - Р.Н.), долгорочните закани не се значително намалени“.[8]

Од тој аспект, како што тоа било зацртано во историските димензии на американската стратегија, политичката моќ не би можела да се експонира без соодветна комплементарност на воената, економ-

7 Ibidem, 3.
8 Ibidem, 4.

ската и технолошката надмоќ што би обезбедило условување на противникот во преговорите. Следствено на стратегиските определби, Реган потенцирал: „во исто време, започнавме нова програма на истражување (СДИ) која ќе ни обезбеди заштита од напад на балистичките проектили. Кога тоа го правиме, ние се стремиме да ја задржиме способноста на одвраќање, а истовремено со потпирање на одмаздата да поминеме во фаза во која балистичките проектили на крајот ќе станат наполно застарени“.[9]

Обезбедувањето на мир и слобода во услови на „Атомски мир“, фактички подразбирало поседување не само на воена моќ, туку и на солидна економска состојба и технолошка супериорност, што била основна претпоставка која на Регановата администрација ќе ѝ обезбедела услови „да го преформулира договорот за антибалистичка одбрана (АБМ) и максимална слобода во истражувањето, развојот и тестирањето во рамките на Стратегиската одбранбена иницијатива“.[10]

На тој начин, воено-политичкиот курс на Регановата администрација, потпрен на економската моќ, технологијата и силата, најавил нуклеарна офазива која имала за цел значајно да ја наруши постојната рамнотежа, пред сè во Европа, и на тој начин да обезбеди решавачка предност во преговорите со спротивната страна.

*Второ: поддршка на „либерализацијата и ослободувањето“.*

„Либерализацијата“ била во функција на поттикнување на дисидентските и опозициските сили во недемократските системи и јакнење на нивните позиции во интерниот државен контекст, како и предизвикување на дестабилизациони состојби во тие системи во големина која на тие сили ќе им овозможи заземање на значајни позиции во управувачкиот апарат.

Во тој контекст, иако настаните во источно-европските земји и во другите земји на реал-социјализмот од 1989 година, биле последица на длабоките внатрешни противречности, фактите упатуваат и на заклучокот дека тие биле составен дел на „политичката насока“ на американската сртегија за поддршка на либерализацијата и ослободувањето во која инсистирањето на човековите права како приоритетен сегмент на политичките стратегиски средства постојано биле преферирани како „значајна стратегиска цел за одвојување на источно-европските земји од стегите на Советската империја во кои населението е прозападно ориентирано и сака да ги зацврсти врските со западната

9 Ibidem, 5.
10 РОЈТЕР, Лондон, 25 септември 1989.

заедница на народите".[11] Од тој аспект, Регановата администрација експлиците ќе ја детерминира стратегиската цел за наредниот период: „во овие земји да ја поттикнеме либерализацијата и автономијата на надворешната политика и да овозможиме долгорочни подобрувања на планот на почитувањето на човековите права. Успехот и големината на соработката со овие земји ќе зависи од политиката на нивното однесување како и од развојот на односите со секоја од нив врз основа на нивните *поединечни* заслуги".

Децидно детерминираната политичка опција во американската стратегија ќе стане првичен критериум за соработка со државно-политичките субјекти во недемократскиот свет.

Во рамките на втората опција на политичката насока *поддршка на ослободувањето,* била разработена целосна стратегија за помагање на „антикомунистичките бунтовници" и на други демократски востаници во нивната борба за самоопределување, независност и за човековите права во нивните земји. Таквата доктрина била во контекстот на „нашата одлука да му помогнеме на народот на Авганистан во борбата против советската инвазија и окупација", на „одлуката да му помогнеме на народот на Никарагва во неговата борба да го поврати интегритетот на својата револуција од 1979 година и да ја примора сандинистичката влада да го одржи своето ветување за демократско владеење".[12]

### *2.2. Економската политика на Регановата администрација*

Економската моќ, која во стратегискиот контекст е детерминирана како втор елемент на националната моќ, била од „витално значење" за американската безбедност. Од тој аспект Реган потенцирал: „таа претставува основен столб на нашата национална одбранбена способност. Во време на кризи или војна ни овозможува брзо да реагираме со подготвен персонал, развиени производни капацитети и со толку потребните резервни материјали неопходни за нашата и за одбраната на сојузниците".[13]

Заради зачувување и натамошен развој на економската моќ ѝ била дадена домашна и меѓународна димензија со јасна стратегиска цел: *либерализација на светското стопанство* во чие средиште ќе бидат пазарната економија и либерализацијата на трговијата. Во

11 USIS, 6.
12 Ibidem, 7.
13 Ibidem.

практиката, економскиот стратегиски развој не само што ги забрзал интегративните економски процеси во Западната хемисфера во кои Америка се здобила со голема кооптивна моќ, туку опресивно делувал и врз економиите кои не ги следеле таквите законитости на економскиот развој, особено врз централно-командуваните економии.

На градењето на економската моќ ѝ претходеле следните глобални процеси:

*Прво:* преземање на силна и *економска и технолошка офанзива* заради надминување на економската рецесија во 1979/82. Тоа било неопходно бидејќи рецесивните економски состојби на реал-социјализмот му создавале реални можности за „поголема инфилтрација" на светските простори.

Дека надминувањето на економската рецесија било можно, стратезите тргнувале од следните претпоставки: а) земјите на пазарното стопанство сè уште држеле висок процент во вкупниот светски општествен производ - 66%, кој за земјите на СЕВ - 19% и за земјите во развој - 15% не можел да биде достигнат не само во блиската туку и во подалечната иднина и б) во светската трговија земјите на капитал-системот учествувале со 63%, земјите на централно-планираното стопанство со 8%, а земјите во развој со 29%.[14]

*Второ:* целосно прифаќање на *економската стратегија на Збигњев Бжежински.*

Втемелувањето на економската стратегија на Бжежински З., советник по национална безбедност во времето на Картеровата администрација, дефинирана во 1978 година, всушност значела давање на неограничена помош на земјите од „спротивната страна" во сите облици на економијата и импут капиталот што за последица требало да има „зголемено влијание на САД во овие земји" односно, големите задолжувања на земјите од спротивната страна за догледно време требало да ги доведе во состојба на презадолженост и неможност за подмирување на долговите кое би придонесло за уште поголемо економско слабеење а со тоа и до зголемување на можностите за нивна економска и политичка дестабилизација.

Резултатите од таквиот стратегиски економски пристап биле повеќе од очекуваните, што се гледа од табеларните прикази:

---

14 Извор: Светски стопански преглед, ООН, 1989.

**Табела 1**
*Конвертибилни долгови на Источно-европските земји во периодот 1982/86 во милијарди долари*

| Земја | 1982 | 1983 | 1986 |
|---|---|---|---|
| Бугарија | 2.977 | 2.482 | 5.606 |
| Чехословачка | 3.998 | 3.612 | 4.254 |
| ДР Германија | 12.998 | 12.191 | 16.601 |
| Унгарија | 7.952 | 8.250 | 15.086 |
| Полска | 24.700 | 26.440 | 33.526 |
| Романија | 9.766 | 8.880 | 6.395 |
| СССР | 26.737 | 23.587 | 34.003 |
| ВКУПНО | 89.128 | 85.442 | 115.471 |

**Табела 2**
*Надворешни долгови на земјите во развој во периодот 1982/89*[15] *во милијарди долари*

| 111 земји | 1982 | 1984 | 1986 | 1988 | 1989 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 839 | 936 | 1.146 | 1.284 | 1.290 |

*Трето: интензивирање на развојот на високите технологии.*

Оваа стратегиска претпоставка не само што се покажала делотворна, туку во замавот на развојот прераснала во трета технолошка револуција, која не само што ја санирала структурната криза на капитал-системот, туку прераснала во моторна сила на развојот враќајќи му ја на тој начин виталноста на капитализмот, при тоа декласирајќи ги економиите кои не биле во состојба да го прифатат приклучокот кон новиот научен подем и пропулзивните технологии.

Благосостојбата од високо-технолошкиот развој била обусловена од интеракцијата на цивилната и воената научна мисла.

Интегрираната наука високо-технолошките резултати во областа на автоматиката, компјутерите и кибернетиката првично ги достигнала во сферата на потребите за војската. Од друга страна, економските можности на овие земји овозможиле предуслови за брзо вградување на достигнувањата во воената сфера и во цивилниот сектор. Следствено на тоа, иницираниот научно-технолошки развој бил осмислен не само да ја надмине економската рецесија, туку и како стратегија да овозможи технолошко *декласирање* во сферата на тех-

15 Извор: Светска банка, 1989/90.

нологиите на спротивната страна, најнапред во воениот а потоа и во цивилниот сектор.

*Четврто: флексибилен и ненасилен* приод во односите со неврзаните и другите земји од „Третиот свет“, користејќи ги, пред сè, *политичките и економските* средства („Стратегија од низок интензитет“).[16]

Поучени од искуствата на претходните државни администрации, кои со сите сили и средства се обидувале да ги обезбедат интересите во неврзаните и земјите во развој, како и запирањето и отстранувањето на комунистичката инфилтрација во овие земји, што предизвикувало револт и неприфаќање на американската политика и на нивното присуство во повеќето од овие земји, особено поради примената на вооруженото насилство како доминантно средство, Регановата администрација експлиците го детерминирала новиот стратегиски пристап кон овие земји.

Со оглед на фактот што и ваквиот пристап, иако во однос на повеќе земји го забрзал односно овозможил заживувањето на демократските процеси и нивното надвладување во севкупниот државно-политички и економски систем, тој подразбирал поддршка и оспособување на воен план на соодветни сили во дадените земји со вооружено насилство да се изборат за демократски преобразби, што од друга страна подразбирало на вооруженото насилство да му се одговори со вооружено насилство од страна на политичките системи или партии против кои било насочено таквото насилство.

Основната цел на изборот на *новиот* стратегиски настап била на активностите, средствата и методите врзани за судирите од низок интензитет да им се даде *меѓународен правен* легитимитет, потенцирајќи дека кога е потребен „одговор на САД за учество во активностите, тој треба да биде разработен со принципите на меѓународното и националното право, кои го потврдуваат *инхерентното* право на државите да употребат сила во поединечна или колективна самоодбрана од вооружениот напад и да се помагаат едни со други за зачувување на внатрешниот ред, спротиставувајќи се на бунтовите, тероризмот, незаконската трговија со наркотици и на други карактеристични облици на судирите од низок интензитет“.[17]

---

16 Поопширно за „Стратегијата од низок интензитет“ види во Начевски Р., „Хипертрофираност на уништувачката моќ на современата воена сила - причини, последици и перспектива на нејзината примена во современите меѓународни односи“, (докторска дисертација), 1994, стр. 80-99.

17 USIS, 8.

Следствено, меѓународниот и правниот имунитет на активностите, средствата и методите на „Стратегијата на низок интензитет“, подразбира меѓународна поддршка и оправдување на примената на сила од страна на САД надвор од нејзините граници. Политиката за „отстранување на комунистичката инфилтрација“ и потиснувањето на СССР од „Третиот свет“ била дефинирана како „Реганова доктрина на неоглобализмот“, кое подразбирало „давање помош на сите нивоа на оние кои во Вашингтон се именуваат како борци за слобода.“[18]

Концептот на „Судири од низок интензитет“, прифатен во 1981 година, целосно развиен од Регановата администрација, кој и во актуелниот момент има широка статегиска предиспозиција, подразбира (во изворната дефиниција): „широк поим на политичко-воена борба надвор од конвенционалната војна, која ја водат националните сили (на САД), заради остварување на политички, економски и психолошки цели. Таа, најчесто е долготрајна и варира од дипломатски, економски и психолошки притисоци и тероризам, до востанија... и дејства како што се демонстрацијата на сила, давањето на воена помош, специјалните дејства и ограничена непосредна употреба на регуларните сили“.[19]

### *2.3. Одбранбенатa политика на САД*

Во реализирањето на најавената сеопшта офанзива против главниот противник на американската национална безбедност, односно на капитал-системот, на воената моќ на САД и на Сојузниците им било дадено посебно место и значење, пред сè, поради искуствениот факт дека во некои случаи „употребата на сите други елементи на националната моќ не ќе бидат доволни да ја сопрат опасноста по безбедноста на државата“.[20]

Во презентирањето на статегиските поставки за улогата на воената моќ како сила и средство на глобалната стратегиска опција за борба против „комунистичката инфилтрација“ и Советскиот Сојуз, се презентирани сознанија од истражувањата кои во досегашната истражувачка практика во мала мера или воопшто не биле истражени и елаборирани.

Првичните погледи по однос на воената политика и доктрината, Реган ги презентирал во предизборните настапи обвинувајќи ги претходните администрации дека ја загрозиле американската безбедност и

18 Newsweek, 23 sep. 1985.
19 Military Review, June 1985.
20 USIS, 8.

дека не посветиле доволно внимание на толку значајниот и витален проблем за опстојувањето и развојот на САД.

Во предизборната платформа тој потенцирал дека ќе побара итно зголемување на воениот буџет за 7% и дека *воената сила* заедно со другите сегменти на моќта ќе биде фундаментот на настапувањето во спречувањето на ширењето на комунизмот. Во преговорите со Советскиот Сојуз ќе се настапувало од позицијата на сила.

Во тој контекст Реган ја ревитализирал „старата" стратегиска концепција „*Флексибилен одговор*", која ја поставил на „здрави" нозе вдахнувајќи и почист воен дух, со децидна порака до главниот противник: „за да го одвратиме Советскиот Сојуз мораме јасно да им ставиме до знаење на неговите водачи дека поседуваме сила и средства и имаме волја ефикасно да реагираме на притисоците или агресијата насочени против нашите безбедносни интереси. Нагласувајќи ја нашата решеност да реагираме, го задржуваме правото да *не одредуваме конкретно каков ќе биде одговорот*".[21]

Нагласувајќи дека тоа е *суштината* на „Флексибилниот одговор" во стратегијата биле детерминирани три вида на можен одговор, од кои во соодветни услови би се одбрал еден: а) „*директна одбрана*", *б) „заканување со ескалација" и в) „закана со одмазда"*.

За успешно реализирање на трите можни вида на одговор, како можности за успешно одвраќање на каков и да било вид агресија или обид за агресија од страна на главниот противник, стратезите во Региновата администрација посебно внимание им посветиле на: „*Зачувувањето на конвенционалното одвраќање*" и „*Зачувувањето на стратегиското одвраќање*".

### 2.3.1. „*Зачувување на конвенционалното одвраќање*"

Суштината на конвенционалното одвраќање била содржана во следните определби:

*Прво:* современите стратегиски нуклеарни способности сами по себе не биле доволни без јаки конвенционални сили на САД и на нивните сојузници. Тоа претпоставувало перманентно квантитативно и квалитативно усовршување на конвенционалните сили и средства за да бидат во функција на одговор на сите можни предизвици на спротивната страна, а деструктивните карактеристики би биле во состојба да реализираат стратегиски цели.

---

21 Ibidem, 9.

*Второ:* натамошно усовршување и развој на концептот на *истурена* одбрана и *солидарност* со сојузниците.

Согласно на таквата определба било потенцирано натамошното зацврстување и осовременување на постојните инсталации, сили и средства кои САД ги држеле на истурените позиции на море и на териториите на НАТО сојузниците и на азиските сојузници.

*Трето:* поморските сили распоредени на Тихиот и Индискиот Океан биле во функција на заштита на сè позначајните стратегиски *економски* интереси и ресурси, кои би можеле да бидат загрозени од „комунистичката инфилтрација" на тие простори.

Зависноста на САД од увозот на стратегиски материјали како процентуална зависност во однос на потрошувачката била следната: титан - 100, колумбиум - 100, тинец - 100, манган -98, боксит - 94, кобалт - 91, хром - 90, платина - 85, калај - 80.[22]

*Четврто:* конвенционалните сили и средства распоредени на истурените позиции ширум светот, покрај претходно наведените, биле во функција на извршување на следните стратегиски задачи:

1. создавање на регионална рамнотежа и предност во одвраќањето на советската агресија и во унапредување на општата регионална стабилност;

2. поддржување на политичката независност на земјите од советското окружување и оневозможување на советската доминација врз евроазискиот копнен масив и

3. тие требало да прераснат во сили и средства кои ќе овозможат на заканите да се реагира со помали воени контингенти. Во тој случај, кога не станувало збор за советски закани, земјите кои би биле вмешани во тој вид воен конфликт да бидат подготвени самостојно да ја обезбедат својата одбрана.

### 2.3.2. *„Зачувување на стратегиското одвраќање"*

#### А. Појдовни основи на стратегиската суштина и значење на „Зачувувањето на стратегиското одвраќање"

Појдовните основи на „Зачувувањето на стратегиското одвраќање", како сегмент на стратегискиот концепт „Флексибилен одговор", Регановите стратези експлиците ги детерминирале следните:

*Прво:* хипертрофирањето на стратегиските нуклеарни способности биле во финкција на „суштинско значење и без алтернатива" во

22 US Department of Defence. Government Printing Office. Washington D.C. p. 96.

одвраќањето од намерите на главниот противник чија стратегиска цел била да ги загрози и дисфункционира виталните американски интереси и интересите на нивните сојузници.

*Второ:* стратегиското одвраќање да се реализира со *„диверсификувани стратегиски сили за одмазда“* со цел, заштита од првиот нуклеарен удар и да се оневозможат советските планови за прв нуклеарен напад, како и да се обезбеди *заштита од технолошко изненадување.*

*Трето:* разновидноста на начините на стратегиското одвраќање би се постигнало преку *тројството* на нуклеарните системи: интерконтинентални балистички проектили (ICBM - Continental Ballistic Missiles), балистички проектили кои се лансираат од подморници (SLBM - Submarine-launched Ballistic Missiles) и проектили кои се лансираат од стратегиските воздухоплови (Bombers - Strategic Bombers).

*Четврто:* од суштинско значење за структурата на стратегиските сили било создавањето на соодветна *команда, контрола и врски* кои би биле способни да ја преживеат нуклеарната војна.

*Петто:* стратегиските сили и соодветната политика на детерминирањето на целите „да се сфатат така што за советското раководство водењето на нуклеарната војна ќе претставува потполно неприфатлив и неисплатлив потег“.[23] Во тој контекст би биле загрозени оние политички ентитети на кои советското раководство им придавало најголемо значење: механизмите кои го обезбедувале опстанокот на комунистичката партија и нејзините раководни кадри и зачувувањето на партиската контрола над советските народи во блокот.

*Шесто:* за во *иднина* „Стратегиската одбранбена иницијатива“ би обезбедила можности, одвраќањето да се стави на побезбедни и постабилни основи. Таквата одбрана кого никого не го загрозува, би го унапредила одвраќањето на начин кој би влеал поголема неизвесност во советските проценки за сопствените способности во остварувањето на воените цели доколку би се обиделе први да извршат нуклеарен удар.

Б. Претпоставки и можности за реализирање на појдовните стратегиски основи на „Зачувувањето на стратетиското одвраќање“

За реализирање на појдовните основи, Регановата администрација ги детерминирала следните претпоставки и можности:

*Прво: зголемување на воените издатоци на 7%,* што за периодот 1982-1984 година би значело воен буџет од 1,6 билиони долари, од кои 220 милијарди долари би се употребиле за усовршување на стратегиските нуклеарни системи.

23 USIS, 9.

Претпоставката тргнувала од фактот дека во периодот на детантот односот на воените издатоци на САД и Советскиот Сојуз имале диспропорционален тренд, односно советските бележеле перманентен раст.

Советските воени издатоци, според ЦИА, во периодот 1975-1980 година во проценти изнесувале од 11 до 14% од НБП. Голем процент од воените издатоци советите вложувале во *воената* индустрија, пред сè, за производство на базични типови на класичното оружје. Според американски и други западни извори тоа било во функција на: а) вооружување на „две големи групи на држави“, првата - земјите членки на Варшавскиот договор и во „затворената Алијанса“ на СССР како што биле Виетнам, С. Кореја, Монголија и Куба, и втората - „конзистентните комунистички помалку развиени земји како што биле Алжир, Либија и Сирија, што значело ширење и зацврстување на советското влијание во овие земји и на воената моќ во регионите на кои им припаѓале овие земји, и б) прилив на толку потребните конвертибилни средства од високиот процент на извозот на оружје во споменатите држави кои перманентно се движеле до границата од 27 милијарди долари.

Конвертибилните средства повратно влијаеле, пред сè, врз научно-технолошкиот развој на советските стратегиски нуклеарни системи кои на СССР му го обезбедувале приматот на лидер во „комунистичкиот свет“ и супер воена сила во светот.

Заради надминување на диспаритетот во воените издатоци со главниот противник, што имало за цел враќање на светскиот примат на САД, односно запирање на „комунистичката инфилтрација“ на светските простори и декласирање на СССР како супер сила, Реган ги добил бараните средства за воени потреби, во големина каква што до тогаш ниту една администрација не успеала да ги добие, достигнувајќи ја фантастичната сума и до 300 милијарди долари годишно.

*Второ:* создавање на *силни стратегиски нуклеарни системи* со големи способности.

Согласно на глобалниот стратегиски концепт на „Флексибилен одговор“, зацртаниот развој на нуклеарната стратегиска хипертрофија требало да овозможи водење на нуклеарна војна со главниот противник, односно нанесување на неприфатливи штети на Советскиот Сојуз и ликвидирање на неговите економски потенцијали и политичките и воените структури. Тоа се однесувало и на неговите сојузници. Во тој контекст, нуклеарните способности биле во функција на ефикасно *застрашување* а во случај на потреба да можат ефектно да се

употребуваат. Ваквата претпоставка конкретно била елаборирана во новиот одбранбен план, според кој САД во наредниот период од 10-12 години би требало да поседуваат 37.091 нуклеарна боева глава, а само нуклеарните подморнички боеви глави требало да се зголемат од 9.000 на 14.000. Истовремено било најавено големо производство и примена на нови видови оружени системи како: стратегискиот бомбардер Б-1, ракетата „Миџитмен", ракетата МХ, авионот „Стелт", ракетите „Першинг II" и „Трајдент I", крстосувачки проектили и неутронска бомба.

Исто така Реган најавил дека ќе вложи големи средства и во други проекти значајни за водење и одбрана од нуклеарна војна, пред сè, на планот на: цивилната одбрана, технологијата за водење на противподморнички дејства, јакнење на антиракетните и антисателитските системи и проширување на американската командна, контролна, комуникациска и известителна мрежа (С3 I).[24]

Новата нуклеарна програма, како што дотогаш не ѝ била позната на цивилизацијата, била во функција на брзо и ефикасно нарушување на воспоставената нуклеарна рамнотежа и ново распоредување на стратегиските нуклеарни системи, со цел да се „... надвладее во пролонгирана нуклеарна војна".[25]

Големите иновации во сите сегменти на нукларната тријада, како што било детерминирано во „Водич низ одбранбениот план", наместо претходниот концепт на водење на 1, 5 војни, би требало да овозможат водење на само *една* војна - против главниот противник и неговите сојузници и водење на воени дејства на останатите планетарни простори ако за тоа има потреба. Во тој контекст, според Вајнбергер, во случај на отпочнување на локален конфликт, САД нема да се ограничат само на дејствување на локалното подрачје, туку на противникот ќе му нанесуваат удари на сите места и подрачја за кои се смета дека се чувствителни за неговата одбрана и безбедност. Стратегијата за проширување на конфликтите била насловена како *„географска"* или *„хоризонтална ескалација"*.

Од тој аспект, значајни се искажувањата на тогашниот советски министер за одбрана Устинов Д., „битно е дека Вашингтон сега си ја поставил целта да го надмине паритетот и да постигне воена супериорност. Крајниот рок за ова би била 1990 година".[26]

24 Mc Mahan J., *Reagan and World: Imperial Policy and the New Cold War*, London, 1984, p. 18-19

25 „Водич низ одбранбениот план", Њујорк Тајмс, јануари 1982, наслов: „Пентагон изработил прва стратегија за водење на долга нуклеарна војна".

26 „Правда", 7.XII 1982

*Трето:* создавање услови за *сигурна одбрана* на европските сојузници потпрена на хипертрофираната уништувачка моќ на воената сила.

Стратегиската претпоставка за сигурна одбрана на европските сојузници, во прв ред имала за цел во новиот меѓународен контекст да ја покаже американската решеност за одбрана на сојузниците од какви и да било напади и закани од страна на Советскиот Сојуз, не исклучувајќи ја решеноста за водење и на нуклеарна војна. Решеноста била потврдена со реализирањето на одлуката на НАТО од 1979 година за разместување на 464 крстосувачки проектили и 108 ракети „Першинг II" на сојузничките простори. Воведувањето на новиот пакет на нуклеарните арсенали на европските простори требало да ја демантира оценката од времето на Виетнамската војна и во поствиетнамскиот период дека Америка не изразувала подготвеност да ја брани Европа од можен советски воен напад. Втората димензија на претпоставката била во функција на *економско исцрпување* на главниот противник. Од тој аспект било потенцирано дека без оглед на фактот што советскиот антибалистички одбранбен систем поседувал способности за какво такво антипенетрирање на противничките ракетни системи, сепак поради извонредните перформанси на крстосувачките ракети, што претпоставувало ново технолошко издигнување на одбранбените способности на антиракетниот систем, на Советскиот Сојуз ќе му биле потребни 50 - 100 милијарди долари. Во тој контекст, во „Водичот..." експлиците било зацртано посебно да се развиваат такви американски сили на кои „Советите тешко ќе можат да им парираат, оружја што ќе бараат големи нови советски финансиски вложувања и оружја што ќе бараат нови индустриски и воени технологии со истовремено застарување на веќе создадените оружја и системи".

Оттаму произлегувало дека иницирањето на големата трка во вооружувањето, водена според системот „акција - реакција", била во функција на стратегиско перманентно *економско исцрпување,* кое во интеракција со политичките и економските стратегиски сили и средства, требало Советскиот Сојуз перманентно да го држо во инфериорна економско-технолошка состојба што на крајот би довело до фрагментација на советското стопанство а со тоа и на „самата советска држава".

*Четврто:* промоција на новата „Национална космичка програма" во функција на претворање на космосот во *четврта* просторна одбранбена димензија.

Претпоставката тргнуваше од сознанијата и искуствата дека покрај копнениот, водниот и воздушниот простор, космосот би бил без-

гранична просторна димензија со ненасетени можности за изведување на самостојни воени дејствија од стратегиско значење и вклучување во стратегиски операции на просторите на планетата.

Во средиштето на „воената космичка политика", Регановите стратези ја фокусирале т.н. „Стратегиска одбранбена иницијатива" (SDI - Strategic Defense Intitiative) која Реган ја промовирал во својот говор од 23 март 1983 година, во кој посебно потенцирал дека „Вечерва покренуваме нов напор кој има за цел да го *промени текот на човековата историја*", (повлекол Р.Н.) со тоа што постојното нуклеарно оружје требало да го направи „немоќно и застарено".[27]

За СДИ функционално да можела да ја извршува активноста, т.е. да ги уништува балистичките проектили на земја или во лет, најнапред требало да се развијат следните елементи: средства за пренесување на голем товар во вселената (вселенски платформи) или носачи на вселенските уништувачки системи; сензорски системи, супербрзи пресметувачи, системи за прецизно автоматско управување и телекомуникациски системи; и уништувачки космички системи.[28]

Оправдувајќи ги високите материјални издатоци за реализирање на СДИ, стратезите тврделе дека технолошката димензија на егзотичните вселенски уништувачки системи биле во повратна функција на сеопштиот научно-технолошки развој почнувајќи од базичните и применетите па до развојните истражувња во сферата на новите високи технологии.

На тој начин би се создале посебни предности и во цивилниот научен и техничко-технолошки сектор кој требало да ги зголеми високо-технолошките предности спрема Советскиот Сојуз. Според Ричард Де Лауер, началник на одделението за одбранбено-истражувачки технологии при Секретаријатот за одбрана, предностите биле фокусирани на развојот на следните технологии: автоматско управување, сметачка техника, електрооптички сензори, водење на навигација, микроелектроника, оптика, воздухопловно-вселенска пропулзија, радарски сензори, процесирање на сигнали, софтвер, стелт технологија, лесни високоотпорни материјали и телекомуникации.

Регановите стратези во системот СДИ, покрај тоа што гледале на способност која требала да ја декласира дотогаш обостраната стратегиска доктрина на „Сигурно заемно уништување" - МАД а да обезбеди можности на сигурна одбрана, СДИ била во функција на глобалната стратегиска офанзива (политичка, економска и воена) на Реган

27 The New York Times, 24 март 1983.
28 The ARMS CONTROL ASSOCIATION. May 1988.

во меѓустратегиската борба со главниот противник за ставање крај на „ширењето на комунистичката инфилтрација". Во тој контекст, економските аспекти на СДИ биле во функција на реализирање на економската стратегиска цел: исцрпување на советската економија како цел кон која перманентно требало да се дејствува. Без оглед на тоа дали СДИ би постигнала 90% ефикасност во уништувањето на балистичките проектили или помала, битно било „Советите да ги зголемат офанзивните сили а тоа значи дека веќе нешто сме постигнале".

Според Бжежински З., Цестроу Р. и Капелман М., и покрај сомнежите во целосниот успех на СДИ, програмата требало да се реализира, со проценка дека до крајот на 90-тите години цената на чинење би ја достигнала вредноста од околу 560 милијарди долари. Од тој аспект, стратегиските проценки упатувале на заклучокот дека Советите не би биле во состојба да го прифатат новиот воен стратегиски предизвик за создавање на некаква своја СДИ, бидејќи тоа уште повеќе би ја исцрпело нивната економија што за последици би можело да има големи економски и социјални потреси а со тоа и политичка дестабилизација на системските вредности. Во тој контекст била и Реганова-та проценка дека Советите не би можеле да вложуваат во „воената продуктивност бидејќи својот народ веќе го довеле на работ на гладување".[29]

СДИ е *„приземјена"* на 14 мај 1993 година по *политичкиот, економскиот и воено-стратегискиот колапс* на СССР, по поразот во меѓустратегиската борба со силите и средствата на американската стратегија за надвладување на системите на светските простори и на нивната проминентност во тој контекст.

29 International Herald Tribune, 28 Oct. 1981.

## SUMMARY

Radko Načevski

**REAGAN'S STRATEGY - AN ESSENTIAL FACTOR FOR VICTORY IN INTER-STRATEGIC WEST-EAST WAR AND FRAGMENTATION OF REAL-SOCIALISM AS A SYSTEM**

Accepting the philosophic, political, economic and social analysis about the fragmentation of real-socialism, the strategic analysis (political, economic and military) prove the fact that complete decadence of the system happened after the fall of the strategic ways and means of real-socialism in inter-strategic war with the appropriate ways and means of capital-system. In that context, the aim of this work is to explicate „Reagan's strategy" as a factor for victory in inter-strategic war and fragmentation of real-socialism as a system.